АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД по Барање за дополнување на дневниот ред за работа на Собранието на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД свикано за ден 13.06.2025 година, со почеток во 12,00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид, во смисла на член 390 став 9 од ЗТД и член 50 став 8 од Статутот на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД објавува

ЈАВНА ОБЈАВА

За дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД свикано за ден 13.06.2025 година

Со Барањето за дополнување на дневниот ред за работа на Собранието на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ„- ОХРИД свикано за ден 13.06.2025 година во 12,00 часот, акционерот ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел Охрид заведено под број 03-105 од 16.05.2025 година, акционер сопственик на над 5% од акциите со право на глас предлага дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери за 13.06.2025 година со нови точки која гласат:

- Донесување одлука за водење на работењето со АД„ОХРИДТУРИСТ„ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки од Собранието на акционери на друштвото

- Донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на ХОТЕЛ „ПАЛАС„ согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28Уп-294/2017 од 23.08.2017 год. издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје

По Барањето за дополнување на дневниот ред заведено под број 03-105 од 16.05.2025 година поднесено од акционерот одлука донесува Собранието на акционерите при усвојувањето на дневниот ред за работа на Собранието.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид во Предлог Одлуките доставени заедно со Барањето, во архивата на Друштвото секој работен ден од 12,00 - 14,00 часот или на официјалната интернет страница на Друштвото: www.ohridturist.mk

АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД